**ОБРАЗЕЦ ЗА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
за организации поддржани од ФООМ во 2015 година
во стратешките области

**ОРГАНИЗАЦИЈА: Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници- Скопје**

**ПЕРИОД ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ: 01.01.2015 – 31.12.2015**

Име: Ирена Цветковиќ

Потпис:_______________________________________

Дата: 14. 01. 2016

Печат

Ве молиме, пополнете ја табелата со информации кои се однесуваат  активностите спроведени во **текот на 2014 година**

| **Активности** | **Кога е реализирана** | **Остварени резултати** | **Извори за верификација на резултатите ( за секој извор ставете линкови доколку ги има, или означете со број на анекс)** |
|---|---|---|---|
| Застапување во соработка со други НВО за алокација  на средства од буџетот на РМ за програмите за намалување на штети | Јануари- јуни | Спроведен мониторинг на буџети во здравство.<br>Изготвена анализа на буџети на програмите за ХИВ, зависности и социјална заштита (дадена на дизајн)<br>Изготвена анализа на буџети и активности на програмите за намалување на штети<br>Организиран и спроведен состанок со НВО (локални и национални) кои работат на намалување на штети заради proof reading<br>• Оваа активност ја спроведува ХОПС, а Коалицијата СЗПМЗ е вклучена како партнер | Публикуван извештај |
| Тестирање на работата на Комисијата за контрола на квалитет и Етичката комисија во здравствени институции преку поднесување на претставки од | Јануари- декември | Доставени барања со информации до јавни здавствени установи каде се врши болничко лекуваење со дел прибирање на информација за бројот и видот на | Поднесени барања до  ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, ЈЗУУ Клиника за токсикологија, ЈЗУ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| страна на МЗ | | комисии фомирани.<br>Во 2015 немаме поднесено претсавки до овие тела. | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, ЈЗУУ Клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУУ Клиника за урологија – Скопје, Градска општа болница „8-ми септември“, ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола, Општа болница Охрид, ЈЗУ Клиничка болница Тетово, ЈЗУ Клиничка болница Штип, ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Општа болница Струмица |
| Обезбедување на психо-социјална помош за МЗ | Јануари-декември | Континуирани сесии со клиенти | Фактури од центар за психосоцијална и кризна акција |
| Организирање на  тренинзи со социјални работници од различни градови во РМ со вклучени 80 социјални работници | Јануари-Декември | - Напишан, одобрен и публикуван Модул за работа со маргинализирани заедници<br>- Официјално избран како 19ти модул во рамки на лиценцирањето на социјални работници спроведено од Заводот за социјални дејности<br>- Спроведени обуки на 14,15,16 и | Публикуван модул<br>Фотографии од обуки<br>Листа на присутни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 17 декември на 50 социјални работнити од МЦСР од различни градови во РМ<br>- | |
| Организирање и одржување на семинар за здравствени права на МЗ со претставници од локалните комисии за права на пациенти, комисии за контрола на квалитет на здравствени сервиси и етички комисии од зравствени институции | Јули- септември | Семинарот се одржи во периодот од 30 октомври до 1 ноември. На семинарот учествуваа доктори кои се членови од етички комисии и комисии за контрола од општи болници (Куманово, Охрид, Струмица, Штип), од клиничка болница (Битола, Тетово, Скопје), Психијатриска болница Скопје, ЈЗУ ГОБ 8ми Септември Скопје , претставници од Комисијата за заштита на права на пациентите на град Скопје и претставници од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот Правобранител на Р. Македонија.<br>На семинарот е воспоставена размена на информации и размена на контакти со цел зајакнување на соработката. | Листа на присутни<br>Фотографии од семинарот<br>Агенда и покани |
| Формирање на национална мрежа составена од национални и локални НВОа кои ќе застапуваат за формирање на комисии за права на апциенти на локално ниво и нивно вклучување во | мај- декември | Остварен контакт со пет организации кои работат на полето на заштита на здравствените права и со специфични групи пациенти<br>• Оваа активност ја | Комуникација по електронски пат за заклучоци од состанок и следни чекори со организациите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| работата на истите (Центар, Битола, Струмица) | | проширивме преку формирање мрежа од организации кои драфтуваат барања поврзани со здравство и права на пациенти кои ќе се достават до политичките партии во периодот на предизборие | |
| Продолжување на соработката со лекарите остварена при професионалната посета ма Белград во 2014 година преку организирање на заеднички состаноци со транс заедницата и лекарите | Март, јануари (2016) | Одржан работен состанок во март со лекарите, претставниците на Колаицијата СЗПМЗ и претставник од заедницата на транс лица<br>Закажан работен состанок за 21 јануари со лекари, претставници од Коалицијата и претставник од транс заедницата | Комуникација по електронска пошта и заклучоци од работниот состанок<br>Покани<br>Фотографии |
| Давање на бесплатна правна помош за транс луѓе кои сакаат да започнат легални процедури за препознавање на родот во документи за идентификација | Јануари-декември | Во 2015 започнати се три постапки. Во првиот квартал од оваа година поднесено е едно барање за правно признавање на полот, а за три случи поденсени се жалби до второстепен орган. Поради пасивност на Мнистерството за правда поднесени ургенции до истото каде моментално се разгледуваат три случаи. Поднесена ургенција до Народен правобранител | Подготвени и доставени поднесоци<br>Редовни средби и советување со странките |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | во врска со претходно доставена претставака за утврдување повреда на правата на транс лицата од страна на надлежните институции кои треба правно да ја признаат промента во матичнаат евиденција. Поднесена жалба до Виш управен суд против преасуда на Управниот суд со кој се одбива тужбата на транс лице за признавање на правна промена на полот во матичната евиденција. | |
| Продолжување на истражувањето со фокус групи во нови 5 града (Битола, Тетово, Велес, Струмица и Кавадарци). Изготвување на анализа и споделување на резлтатите. | Јули- декември | Реализирани 5 фокус групи во Битола, Тетово, Велес, Струмица и Кавадарци. Анализата е изготвена. Остварена е средба со народниот Правобранител на Р.М. Иџет Мемети на која е договорена зајакната соработка и комуникација на ова прашање. Следува промоција на анализата во Полициската Академија и Центарот за обука при МВР, на која учество ќе земе и канцеларијата на Народниот Правобранител. | Листа на учесници на фокус групи<br>Потпишани формулари за исплата на хонорар за учество на фокус група<br>Изготвена анализа |
| Обезбедување на бесплатна правна помош за МЗ и идентификување на случаи на дискриминација заради започнување на постапка пред надлежни институции и тела на | Јануари- декември | Во првиот квартал заврши првостепена постапка против напаѓач врз ЛГБТИ заедницата и поднесена жалба до второстепен орган. | - Записници од претреси, доставени поднесоци, примерок од барањето за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| националнло и локално ниво | | Во врска со написи во медиуми со вознемирувачка содржина поврзани со ХИВ и МСМ поднесено е барање за исправки до сите медиуми што ја објавја веста.<br>Поднесени се жалби против решенија на јавното обвинителство со кои се отфрлаат кривини пријави против две лица кои шират говор на омраза во медиуми. Една од жалбите е усвоена, а предметот продолжува пред основното јавно обвинителство. Во меѓувреме се следи оваа постапка. Против едно од овие лица во меѓувреме беше поднесена претставка до комисија за жалби при совет за медиуми од каде позитивно е одлучено дека е злоупотребена слободата на говорот. Сите медиуми (освен Вечер) до кои е поднесена  барање за исправки (известено во претходниот извештај) објавија исправки.<br>Коалицијата се приклучи во кривичната пријава за насилство и дискриминација врз деца роми подготвена од Мрежата за заштита од дискриминација. | исправка, објавени исправки во медиуми.<br>- Писмо од проф. Јанаков до Коалиција СЗПМЗ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Идентификувано е учебно помагало (скрипта) со хомофобична содржина за чие отстранување од наставната програма поведена е постапка пред ректорат на Универзитетот Св. Кирил и Метродиј Скопје. Одговорот од ректоратот вклучуваше лично обраќање на професорот/ авторот на учебникот до Коалицијата СЗПМЗ. Во меѓувреме Македонското Здружение на Млади Правници поведе постапка за учебното помагало. | |
| Анализа на ефикасноста на механизмите за заштита од дискриминација на МЗ на локално ниво во 3 пилот општини | Јануари- мај | Спроведени фокус групи со корисници на дроги, лица кои живеат со ХИВ, ЛГБТИ и сексуални работници во трите општини. Спроведени интервјуа со претставници од НВО-а, координатори за еднакви можности на локално ниво, претседатели на КЕМ, регионални канцеларии на НП во трите општини. Изготвена анализа и спроведени три тркалезни маси во трите општини. | Изготвена анализа<br>Листа на присутни<br>Покани |
| Застапување и поднесување на амандмани за измена и дополнување на член 3 од ЗСЗД во Собранието на РМ | Август | Предложени амандмани во Собранието на РМ од страна на Лилјана Поповска по претходна консултација со Коалицијата | Извештај од седницата во Собраниска комисија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Амандманите не се усвоени | |
| Документирање на случаи на прекршување на сексуалните и здравствени права на МЗ и давање на бесплатна правна помош | Јануари-декември | Формуларот кој го користеше Коалицијата СЗПМЗ е упростен и направен полесен за употреба.<br>Обучени нови 10 лица за документирање на случаи за прекршување на правата на МЗ.<br>Документиран еден случај на прекршување на права на корисник на дрога<br>Во процес е документирање на случај за насилство врз транс лица<br>Во процес е изготвување на веб платформа за документирање на случаи на насилство врз ЛГБТИ лица | Листа на присутни на обуките<br>Документирани случаи |
| Публикување и дисеминација на Годишен извештај за состојбата со сексуалните и здравствени права на МЗ | Декември (во тек) | Собирање на податоци за годишен извештај | |
| Идентификување на стратешки случаи поврзани со прекршување на човековите права на МЗ и давање на правна помош на жртвите пред национални, регионални и интернационални механизми | Јануари-декември | Во тек е постапката пред Врховен суд по барање за ревизија за еден од случаите на повреда на правата на лице кое живее со ХИВ што се води од 2011 година.<br>Поднесено барање до Јавното обвинителство, Институт за судкса | Поднесоци доставени до иснтитуции<br>Поднесоци доставени до меѓународни тела и органзации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | медицина и ургенција до Народен правобранител за текот на истрагата за смртта на лицето за време на издржување казна затвор. Поднесоци- Извештаи во сенка до Комитетот за граѓански и политички права, до Комитет против тортура, Поднесок за прогрес репорт за состојба со ЛГБТИ прашањето до Европска Комисија, Поднесок со ажурирање на податоците за состојбата со транс лицата до Transgender Europe Доствени се дополнувања на поднесоците до Комитетот против тортура и Комитетот за граѓански и политички права. Подготвена и презентираан усна изјава за состојбата до ЛГБТИ прашањата во Македонија пред Комитетот за човекови права. Присуство и информирање на експретите на Комитетот за човекови права на затвроена средба за проблемите на ЛГБТИ луѓето. Советувани се и изготвени се писмени поднесоци и одбрана за двајца клиенти обвинети за дрога. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Поведена е постапка пред Дирекција за заштита на личните податоци во врска со случаčј на повреда на приватноста на ЛГБТИ активист. Жртвите се советувани за поведување на граѓанска постапка. До Вишо јавно обвинителство испратена претставка заради непостапување на основното јавно обвинителство во случај на повреда на право  на живот и забараната за тортура, нехумано и деградирачко постапување и казнување. Поднесени се извештаи во сенка до Комитетот за елиминирање на расна дисркиминација. Остварена средба со Европскиот Комитет против расна нетолеранција на која беа инфомирани за состојбата со ЛГБТИ луѓето и им беа доставени извештаи на Каолицијата со кои е документирана состојбата со ЛГБТИ луѓето во изминатите 5 години. Се подготвува жалба до ЕСЧП во врска со повреда на правата на транс лице. Во соработка со ХОПС се работи на подготовка на поднесок до Комитетот за елиминација на сите форми на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дискриминација врз жената. | |
| Идентификување на случаи на говор на омраза кон МЗ и употреба на механизми утврдени според законот за аудио-визуелни медиумски сервиси | Јануари-декември | Заедно со мрежата за заштита од дискриминација поденсени се четири претстваки до Вишо јавно обвинителство заради непрофесионално постапување на основното јавно обвинителство во случаите против Јанко Илковски и Миленко Неделковски.<br>Вишото јавно обвинителство едната ја обди (против Јанко Илковски), а другата ја врати на разгледување на ОЈО.<br>Идентификувани се две емисии кои се емитувани на национални телевизии во кои се шири говор на омраза.<br>Поднесена жалба до комисија за жалби на совет за етика за говор на омраза во емисијата јади Бурек на Јанко Илковски. Комисијата за жалби ја уважи жалбата. | Копии од поднесоци |
| Кампања против говор на омраза | јуни | Организирани протестни обраќања пред МРТВ и Влада на РМ во рамки на Неделата на гордоста | Фотографии и снимки |
| Застапување за повлекување на | Декември | Промоција на Анализата во | Покани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дискриминаторски содржини за МЗ во учебници базирано на анализата на репрезентација на корисниците на droги и лицата кои живеат со ХИВ продуцирана од Коалицијата СЗПМЗ | | Филозофскиот факултет- Скопје. Припрема на претставки. | Фотографии |
| Употреба на истражувања и анализи (изготвени од Коалицијата во рамки на RRPP проектот) за застапување за промена на политиките и практиките на јавните институции кои се занимаваат со работата на медиумите | Декември | Одржана презентација во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни дејности на која се промовирани реазултатите од истражувањето и препораките | Покани |
| Креирање на медиумски настани (перформативни прес конференции, видео пародии, сатирични новинарски написи итн) | јуни | Одржани во рамки на Неделата на гордоста | Фотографии |
| Дневен мониторинг на медиуми | Јануари-декември | Дневен мониторинг на медиуми | Медиумска дата база на Коалицијата |
| Промовирање на креативен активизам (тренинг за ЛГБТ активисти во 3 града во РМ) | Февруари-декември | Креирање активистички јадра во тетово, Битола и Куманово<br>Обука на членовите на јадрата за креативен активизам<br>Организирање јавни настани на локалано ниво | Покани и агенда за обуката<br>Фотографии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување на кампања за правата на ЛГБТ | Декември | Спроведена билборд кампања во неколку градови во РМ | Билборди<br>Фотографии од поставени билборди<br>Договор за закуп на простор |

Годишниот извештај треба да ги содржи одговорите на следниве прашања:

1. Доколку имало отстапување во реализацијата на планираните активности или промена на лицата кои ги спроведуваа активностите, Ве молиме објаснете.

Отстапувања има во активноста: Тренинг за стручните училишни служби (педагози и психолози) за работа со МЗ и справување со вознемирување (булинг) во 5 пилот средни училишта од Скопје. Причините за отстапката се следни: Извршната директорка на Коалицијата, Ирена Цветковиќ, во 2015 година беше дел од тимот на тренери за образование за сексуално и репродуктивно здравје кои се одвиваше и се` уште се одвива во две пилот училишта (Ј.Х. Песталоци и Гоце Делчев во Скопје). Од таа причина најголем дел од капацитети и ресурси се насочија кон оваа активност на една од членките на Коалицијата, ХЕРА. Понатаму, отежнатиот пристап до училиштата и нивните стручни служби не` наведе на поинаков пристап, односно користење на анализа за потребите на училиштата поврзани со состојбите на сексуалното и репродуктивно здравје на младите и младите ЛГБТ лица како прв влез во професионалните здруженија на психолози и педагози од училишта. На тој начин оваа активност ја променивме во:

- <u>Изготовка на експертски извештај за сексуалното и репродуктивно здравје на младите и младите ЛГБТ лица и негова промоција.</u>

Истиот извештај/анализа ќе претставува основа и за идни тренинзи на стручните служби во училиштата. Извештајот е резултат на лонгитудинална студија која континуриано се спроведува во училиштата во Р. Македонија, а чиј автор од Македонија е Лина Костарова Унковска.

Активноста: застапување за формирање на комисии за права на пациенти и вклучување на локлани НВОа кои работат со МЗ како дел од комисиите не вроди со резултати во 2015 година, но активностите за застапување продолжуваат. И покрај првичната заинтересираност на дел од општините да ја спроведат оваа законска обврска и формираат комисии сепак клучен проблем беше потребата од менување на Статутот и Деловникот на општините, процес за кој не беа спремни да го спроведат во бараниот период.

2. Дали во **текот на 2015 година** се случија некои значајни промени во контекстот во областа во која работите (донесени закони, политики, извештаи од национални или меѓународни институции, иницијативи и активности на други организации во областа, итн.) ?

   Најголема промена беше зголемениот интерес за легализација на канабисот во медицински цели во светот, но и регионот, што резултираше со мотивираност на Владата да усвои ваков закон.

3. Дали и кои промени во контекстот влијаеа врз вашата работа?

   Политичката криза, преговорите и договорот од Пржино влијаеа врз работата на Коалицијата. Преку севкупните политичките движења и превривања Колаицијата со свое учество успеа да креира простори и можности за еманципација на општата јавност во однос на маргинализираните заедници. Сепак, оваа криза влијаеше и негативно врз нашата работа имајќи предвид дека активностите за застапување се одвиваат со намален интензитет. Во исто време, интересот на јавноста е видно намален за состојбата со правата на МЗ. Коалицијата се обиде во овој контекст да пронајде можности за промовирање на правата на МЗ. Еден од начините беше формирање на група која работеше на документ/барање со мапирани клучни проблеми како и предлог решенија за здравстени права и права на пациенти кои ги достави до политичките партии со надеж дека истите ќе ги вметнат во своите изборни програми. Неколку политички партии изразија позитивен став и се обврзаа на вклучување на овие барања во своите програми.

4. Дали, според Вас, има унапредување или назадување во областа во која работите?

   Оваа година се забележува мало унапредување во областа во која работиме во контекст на започнатата и реализирана соработка со две државни институции: завод за социјални дејности и Комисија за заштита од дискриминација. Овој тип на директна соработка со државни институции мината година речиси комплетно отсуствуваше. Враќањето на опозицијата во Собранието сметаме дека, исто така позитивно ќе влијае врз областа во која работиме заради зголемена можност за влијание во носењето на закони и политики, како и соработка со парламентарци и парламентарни комисии.

5. Дали и како вашата работа придонесе за унапредување или назадување во областа во која работите?

   Во контекст на погоре кажаното Колаицијата најмногу придонесе за унапредување на областа во која делува преку две исклучително важни активности:

   - Изготвувањето и усвојувањето на Модлулот 19 за работа со маргинализирани заедници како официјален 19ти модул за лиценцирање на социјални работници вработени во МЦСР во македонија. На овој начин, повеќе од 50 социјални работници беа обучени за работа со МЗ само во 2015.

   - Преку партнерство со ХЕРА во нивен проект, Коалицијата учествуваше во изготовка на Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи на заштита од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родов идентитет. Протоколот е усвоен од Комисијата за заштита од дискриминација, а автори на протоколот се Наташа Бошкова, правник од Колаицијата СЗПМЗ и Душко Миновски, тогашен претседател на КЗД.

6. Колкав беше вкупниот буџет на организацијата во 2015 година? Колкав дел од вкупниот буџет на организацијата беше покриен со договорт за донација од ФООМ? Кои беа другите донатори (доколку има)?

   Вкупен буџет на Коалицијата: 153034. 62% од истиот беа покриени со договор за донација од ФООМ. Останати донатори: USAID, RRPP, CSP USAID and FOOM.

7. Дали (ако да- зошто) во **2016 година** треба да правите измени во активностите, пристапот на работа, или инструментите кои ги користевте во 2014 година?

   Во 2016 продолжуваме со напорите на децентрализација на активностите на Коалицијата, за чија цел предвидовме посебни мерки во Старегијата за застапување 2015-2018.

8. Додатоци- Ве молиме, доставете ги во електронска или пишана форма сите извори за потврда на резултатите, продуктите и прес клипингот за активностите реализирани во 2014 година (копии од публикации, мониторинг извештаи, анализи, писма/препораки доставени до надлежни институции, виде-материјали, фотографии, агенди од настани и листа на учесници, евалуации, и слично).